Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-724/4
12-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–724/1 од 02.10.2023 година, поднесена од [redacted] од Валандово, со адреса на живеење на [redacted] во Валандово, за сторена дискриминација врз основа на лично својство, во областа на работата и работните односи, од страна на Центарот за управување со кризи, претставуван од директор Стојанче Ангелов, со седиште на ул. Димче Мирчев, бр. 9, П. Фах 375 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, од страна на Центар за управување со кризи, претставуван од директор Стојанче Ангелов кон лицето [redacted] од Валандово.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 02.10.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–724/1, од страна на подносителот [redacted] од Валандово, против Центар за управување со кризи, претставуван од директор Стојанче Ангелов, за сторена дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи.

Во претставката подносителот наведува дека е вработен во Центар за управување со кризи – Подрачно одделение Валандово, со звање Раководител на одделение. Именуваниот согласно Уредбата за утврдување на буџетски корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт ( "Службен весник на РСМ", бр. 292/21), поднел Предлог за додаток на плата до Центарот за управување со кризи – Скопје. Овој предлог со акт број 07-407/3 од 04.09.2023 година бил одбиен со образложение дека не биле обезбедени средства од буџетот. Подносителот, незадоволен од ваквиот одговор, наведува дека ја поднесува предметната претставка и истакнува дека Центарот за управување со кризи – Скопје нема еднаков третман кон сите вработени. Ова од причина што како што

наведува во претставката, во Регионалниот центар за управување со кризи Струмица по систематизација биле предвидени 5 работни места за оперативни работници, пополнетоста била со 4ца вработени кои работеле 7/24 и на истите им се исплаќал надомест за работа во смени, ноќни смени и работа за време на празници. Понатаму подносителот наведува дека работните задачи за непополнетото работно место оперативен работник го извршувале двајца Советника во ПО РЦУК Струмица кои работеле во смени, имале слободни денови по смената и надомест за ноќна работа, работа во недела и работа за време на празници. Двата советника според наводите земале плата за работно место советник и дополнително плата за работно место оперативен работник во зависност од тоа колку денови биле ангажирани.

Комисијата на 14.11.2023 година се обрати до Центарот за управување со кризи со Барање број 08-724/2 за произнесување по наводи во претставка, а на 01.12.2023 година до Комисијата е пристигнат Одговор заведен под Дел бр. 07-2864/2 од 23.11.2023 година. Во Одговорот се наведува дека подносителот на претставката [redacted] е вработен во Центар за управување со кризи на неопределено време на работно место [redacted] – Регионален центар за управување со кризи Валандово во Сектор за операции и координација. Именуваниот доставил писмено барање до Центарот за управување со кризи заведено под дел. Бр. 20-33/2 од 06.09.2023 година со Предлог за остварување на право на додаток на плата, а согласно Уредба за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централна власт. Имено, согласно член 7 од Уредбата, Предлог за остварување на право на додаток на плата може да поднесе непосредно претпоставениот административен службеник, раководниот административен службеник, секретарот и раководното лице на буџетскиот корисник. Во конкретниот случај на [redacted], писменото барање со Предлог за остварување на правото на додаток на плата не било поднесено согласно член 7 од Уредбата. Понатаму во произнесувањето се наведува дека и покрај тоа што подносителот сам за себе поднел предлог, Центарот за управување со кризи доставил писмен одговор број 07-47/3 од 14.09.2023 година со кој го известил подносителот на претставката дека Центарот за управување со кризи не ги исполнува обврските од член 3 од наведената Уредба, односно дека нема обезбедено средства за таа намена, или поконкретно месечното барање за исплата на плата е поголемо од месечното право на трошење и не постои можност ниту пак законски основ за примена на одредбите од Уредбата. Следствено на изнесеното, **Центарот за управување со кризи известува дека нема одобрено Предлог за остварување на правото на додаток на плата согласно наведената Уредба и нема одобрено ниту пак исплатено додаток на плата на ниту еден вработен.**

По однос на забелешката за вработените во ПО за регионална координација и оперативни активности – Струмица од Центарот се укажува дека согласно Правилникот за внатрешна организација на Центарот за управување со кризи и Правилникот за систематизација на работните места, наведените работни места


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

(самостојни референти за оперативни работи, КЗ и тревожење) се однесуваат на оперативното работење со работно време 24/7 кое е предвидено во 8те главни регионални центри, и тоа во градовите Скопје, Струмица, Велес, Штип, Битола, Охрид, Тетово и Куманово, додека пак, во останатите подрачни одделенија како ПО Валандово работното време е 5/40. Доколку во одреден период имало недостаток на вработени оперативни работници-самостојни референти за оперативни работ, КЗ и тревожење, кои работат во смени 24/7, Центарот за управување со кризи поради специфичноста на работата, времено упатува вработени кои не се распоредени на работно место самостојни референти за оперативни работи, КЗ и тревожење, со што се дополнувал потребниот број на вработени заради непречено функционирање на оперативните центри со работно време 24/7. Од овие причини, а согласно законските прописи на вработените кои работеле во смена 24/7 им се исплаќа додаток на плата за работа во смени, ноќна работа, работа за време на неделен одмор и работа за време на празници.

Врз основа на сето изнесено и утврдената фактичка состојба, во врска со предметната претставка за заштита од дискриминација, земени предвид одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај не најде дека врз лицето [redacted] од Валандово е сторена дискримнација од страна на Центар за управување со кризи, претставуван од директор Стојанче Ангелов, а врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, онака како е утврдена со член 6 од наведениот закон, според кој *<u>Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.</u>*

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
12.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

<u>Доставено до:</u>

- [redacted]
- Центар за управување со кризи, ул. Димче Мирчев. Број 9, П.Фах 375, Скопје
- Архива